Making Learning Fun and Ecological

# Модул:

# Социјално претприемништво и социјални претпријатија

# (вклучувајќи и зелено претприемништво)

## Водич за едукатори:

| **Објаснување за модулот:** |
| --- |
| Модулот има за цел да ги запознае младите со концептот на социјално претприемништво, фокусирајќи се на зелени аспекти и да ги запознае со концептот на формирање на социјалното претпријатие. Во рамките на овој модул, опишани се областите каде што социјалното претприемништво има најголемо влијание, објаснети се главните деловни структури при примена на социјалното претприемништво, односно дадени се чекори од идеја до реализација и притоа, младите се охрабруваат да ги развиваат своите претприемачки вештини. Истовремено, презентациите, видеата, квизовите, активностите и вежби имаат за цел да ги запознаат учесниците со постоечките социјални предизвици и фази за нивно надминување.<br><br>- Статија<br>- Вовед<br>- Презентации преку кои се поедноставува начинот на предавање илустрирани со фотографии, графикони и слично;<br>- Видеа- преку кои на интерактивен начин се пренесуваат значајни информации за зададената тема;<br>- Активности и алатки кои се наменети за во училишна средина, меѓутоа и за онлјан платформа.<br>- Предлог ресурси за понатамошно истражување;<br>- Вежби како квизови за проверка на стекнатото знаење; |

Making Learning Fun and Ecological

| Цел на модулот |
| --- |
| Целите на модулот се:<br><br>✔ Запознавање на младите со концептот на еко-социјално претприемништво<br><br>✔ Запознавање на младите со концептот на социјално претпријатие<br><br>✔ Водење низ процесот на формирање на социјално претпријатие<br><br>✔ Претставување на областите каде социјалното претприемништво има најголемо влијание<br><br>✔ Објаснување на главните деловни структури кои се користат во областа на социјалното претприемништво со примена на зелени аспекти<br><br>✔ Развивање на претприемачки, истражувачки, аналитички вештини<br><br>✔ Проверка на знаењето за социјално претприемништво |
| **Генерални инструкции:** |
| Едукаторите, професорите можат да изберат кои ресурси би сакале да ги споделат со целните групи. Презентациите и видеата можат да се применат како почетен вовед во темата.<br><br>Наставничкиот план е поделен на три дела:<br><br>- Воведен дел (презентација и/или видео)<br><br>- Реализација на активности<br><br>- Реализација на вежби<br><br>Активностите може да се реализираат во парови или групи, но исто така и индивидуално.<br><br>Прилагодени се за следење во физички и онлајн услови.<br><br>Дадената временска рамка е индикативна и зависи од начинот на кој работи едукаторот, целната група (претходно знаење, возраст, број на учесници), целта што сака да ја постигне и интеракцијата помеѓу “публиката“( таргет групата) и едукаторот. |

Препорачливо е едукаторот да има искуство со работа со млади луѓе, како и знаења и вештини поврзани со теми како што се: претприемништво, климатски промени, екологија, социјално претпријатие итн.

**Детали за модулот:**

**1 лекција: Вовед во социјално претприемништво**

Првата лекција е вовед за тоа кои личности се нарекуваат претприемачи, кои се различните видови на бизнис модели, карактеристики кои го градат социјалниот претприемач итн.

**2 Лекција- Вовед во еко-социјално претприемништво**

Втората лекција подетално ја опфаќа разликата помеѓу зеленото и деловното претприемништво, процесот на социјално претприемништво, предизвиците, можностите, трендовите и ризиците, добри пракси/примери за социјално претприемништво итн.

Учесниците ја истражуваат и дискутираат ситуацијата на социјалното претприемништво на локално и регионално ниво со давање примери и анализирање изјави од повеќе сопственици на социјални претпријатија (предизвици, успеси, научени лекции) со кои се соочуваат во својата област на работа.

**3 Лекција- Концепт на социјално претпријатие**

Целта на лекцијата 3 е учесниците да се инспирираат од примери на (еко-)социјални иновации со истражување на основни информации за нив.

**4 Лекција- Чекори за формирање на социјално претпријатие**

Во оваа лекција се објаснети потребните чекори за основање на еко-социјално претпријатие.

**5 Лекција- Самопреглед, самоевалуација, и самопризнание на претприемачките карактеристики**

Целта на лекцијата 5 е учесниците да откријат до кој степен нивните карактеристики, вредности, верувања, ставови, силни и слаби страни, но и нивниот фокус и начин на размислување, се совпаѓаат со нивната социјална бизнис идеја, како и потребните вештини за водење зелен бизнис. Истовремено, целта  е да се зголеми нивната самосвест, што е основа за развивање на нивниот потенцијал како зелени претприемачи.

**6 Лекција-Дефинирај и рафинирај бизнис идеја**

Making Learning Fun and Ecological

| |
|---|
| Воведување на методи и техники за дефинирање на идејата, како и нејзино усовршување да биде финансиско исплатливо. |
| **7 лекција-Мапа на засегнати страни и врски**<br><br>Оваа лекција има за цел да ги идентификува сите заинтересирани страни и да ги групира според нивното ниво на учество, интерес и влијание во проектот и да одреди како најдобро да се комуницира со истите. |
| **8 лекција- Емпатија**<br><br>Лекцијата 8 има за цел да ги запознае учесниците со разликата помеѓу емпатиска мапа и персона, да им помогне да сочувствуваат и синтетизираат набљудувања од фазата на истражување и да извлечат сознанија за потребите на корисникот. |
| **9 Лекција- Бизнис канвас модел**<br><br>Главната цел е да се утврди кое е конкретното влијание на имплементација на идејата (внатрешна и надворешна перспектива, перспектива производ-клиент и перспектива трошоци-приходи). |
| **10 Лекција- Биди свој застапник на ѓаволот -"Be your own devil's advocate"**<br><br>Главната цел е однапред да се дознае кои би биле пречките во процесот на имплементација на идејата (внатрешна и надворешна перспектива, перспектива производ-клиенти, и перспектива трошоци-приходи). |
| **11 Лекција- Прототип**<br><br>Оваа лекција ќе им помогне на учесниците да го конципираат процесот и можните прототипови на продукти/ услуги. Дава совети и насоки, како да се создаде добар прототип, како и да се избере најдобро прилагодениот прототип модел за бизнисот. |
| **12 Лекција-Индикатори за резултати и исходи**<br><br>Главната цел е учесниците да ја разберат разликата помеѓу индикатори за резултати и за исходи. |
| **13 Лекција- Бизнис алатки**<br><br>Лекцијата „Бизнис алатки" има за цел да ги запознае учесниците со деловните алатки кои се сметаат за суштински за управување со социјално/еко-социјално претпријатие. |
| **14 Лекција- Бизнис план** |

Making Learning Fun and Ecological

| |
|---|
| Во рамките на оваа лекција, учесниците ќе стекнат знаења за тоа како да креираат социјален/бизнис план и кои прашања треба да се земат предвид при поставувањето на истиот. |
| **15 Лекција-Табла за раскажување**<br><br>Во оваа лекција се опфатени совети и триковите за јавна презентација, важните столбови на приказната која треба да се пренесе, како и главните точки на вербална/невербална комуникација. |
| **16 Лекција-Креирање на бренд**<br><br>Оваа лекција ќе им помогне на учесниците да ги осознаат главните елементи кои треба да се земат во предвид за креирање бренд. |
| **17 Лекција - како да ја продадете идејата**<br><br>Целта на лекцијата е да се осознае како да се подготви соодветна презентација, која ќе биде привлечна за можен инвеститор/ донатор. |
| **Активности поврзани со модулот** |
| Активност 1 поврзана со Лекција 1: Проверка на знаењето |
| Активности поврзана со Лекција 2:<br><br>Бизнис модели и локални примери<br><br>Бура на одржливи идеи<br><br>Практикување на дебата |
| Активност 3 поврзана со Лекција 3: Примери за (еко-)социјално претпријатие во вашата земја |
| Активност 4 поврзана со Лекција 4: Чекори за формирање на социјално претпријатие |

Making Learning Fun and Ecological

| |
|---|
| Активност 5 поврзана со Лекција 5: Сет на прашања за лична евалуација |
| Активност 6 поврзана со Лекција 6: Истражување на маркетинг прашалник |
| Активност 7 поврзана со Лекција 7: Дефинирање на врски на засегнати страни |
| Активност 8 поврзана со Лекција 8: Емпатска мапа |
| Активност 9 поврзана со Лекција 9: Пополнување на матрица за бизнис канвас модел |
| Активност 10 поврзана со Лекција 10: Откријте однапред кои би биле пречките во процесот на реализација на идеја |
| Активност 11 поврзана со Лекција 11: Прелименарен план за правење на прототип |
| Активност 12 поврзана со Лекција 12: Да се направи разлика помеѓу индикатори за резултати и исходи |
| Активност 13 поврзана со Лекција 13: Запознавање со бизнис алатки |
| Активност 14 поврзана со Лекција 14:  Подготовка на бизнис план за социјално претпријатие |
| Активност 15 поврзана со Лекција 15: Потикнување на реторички вештини |
| Активност 16 поврзана со Лекција 16: Совети за градење на бренд |
| Активност 17 поврзана со Лекција 17: Како да ја креирате најдобрата идеја што ќе се продаде? |
| **Вежби поврзани со модулот** |
| Вежба 1 поврзана со лекција 1: Квиз |
| Вежба 2 поврзана со лекција 2: Квиз |
| Вежба 3 поврзана со лекција 3: Квиз |
| Вежба 4 поврзана со лекција 4: Промовирање на претприемачки вештини |
| Вежба 5 поврзана со лекција 5: Само-преглед на тимските способности |
| Вежби поврзани со лекција 6:<br><br>- Дефинирање на изјава за проблем |

| |
|---|
| - ДРВО ШАБЛОН за проблеми |
| Вежба 7 поврзана со лекција 7: Квиз |
| Вежба 8 поврзана со лекција 8: Квиз |
| Вежба 9 поврзана со лекција 9: Квиз |
| Вежба 10 поврзана со лекација 10: Квиз |
| Вежба 11 поврзана со лекција 11: Чеклиста за прототип |
| Вежба 12 поврзана со лекција 12: Преку повик за проектни апликации, да се направи разлика помеѓу индикатор за резулати и исходи |
| Вежба 13 поврзана со лекција 13: Квиз |
| Вежба 14 поврзана со лекција 14: Квиз |
| Вежба 15 поврзана со лекција 15: Подготовка на вистинска приказна |
| Вежба 16 поврзана со лекција 16: Корисничко искуство |
| Вежба 17 поврзана со лекција 17: Квиз |
| **Таргет групи** |
| - Млади од 15-29 години<br>- Младински работници и волонтери кои работат со млади и им се потребни дидактички материјали<br>- Професори/ Едукатори<br><br>Сите активности и вежби се за луѓе на возраст меѓу 15-29 години |
| **Совети и трикови:** |
| ✔ Речиси сите вежби/активности се приспособливи за реализација во физички и онлјан услови, но кога се одржуваат онлајн ги охрабруваме едукаторите да употребуваат и пробаат, што повеќе различни дигитални, најсовремени алатки кои што ќе овозможат за да ги направат вежбите и активностите целосно прифатливи за учесниците. |

| |
|---|
| ✔ Ефективните наставници треба да бидат способни да работат во средина што постојано се развива и да ги приспособат своите наставни методи врз основа на возраста на нивните ученици, расположливите ресурси и променливите практики и барања.<br><br>✔ Староснaта граница, не ја игра најклучната улога, туку нивото на претходно знаење, искуство, вештини и пракса на учесниците кои се дел од овие активности и вежби. е важно.<br><br>✔ Оние вежби/активности каде се препорачува да се поделат учесниците во групи, доколку има еден едукатор, оптимално е да има 2 групи, а во ретки случаи да се поделат на неколку. Се разбира, ова не важи за оние случаи во кои сите групи мора да се состојат од парови, по двајца учесници. |
| **Референци:** |
| Референци и видеа се достапни во описот на активностите и вежбите. |